**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 21 октомври 2025 година**

**Скопје, октомври 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 21 октомври 2025 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт, како и д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерство за транспорт.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Андреа Ѓошевска и Димитар Димоски, претставници од Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 114-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 септември 2025 година**

**- Усвојување на Записникот од 118-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 октомври 2025 година**

**- Усвојување на Записникот од 120-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2025 година**

1. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.0901-127/25)

2. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и тринаесетта одлука)

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка

4. Предлог - програма за изменување на Програмата за заштита на потрошувачите за 2025 година

5. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Европски патен коридор од стратешки интерес, Коридор 8: Делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требеништа-Ќафасан и Коридор 10Д: Делница Прилеп-Битола на минерална суровина-калцитски мермер на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје на локалитетот „Топлица" Јама, 6-1, Општина Прилеп

6. Предлог – годишна програма за изменување на Годишната програма за финансирање на изработка на Просторен план на Република Северна Македонија за 2025 година.

7. Информација со краткорочни мерки за чист воздух, со Акциски план

8. Информација за доставено Барање бр.11-6081/1 од 23.7.2025 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии, поради неможност за отплата на доспеаните обврски по Договор за заем, склучен со Експорт-импорт банка на Кина, со текст на договори и амортизациони планови

9. Информација за плаќање на обврските од членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД

10. Предлог на закон за парничната постапка (*)

11. Предлог на закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија

12. Извештај од Втората седница на Мешовитата комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Австриската Сојузна Влада за стопанска, земјоделска, индустриска, техничка и технолошка соработка

13. Информација за подготовките за учество на Делегација на Република Северна Македонија на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес, на 22 октомври 2025 година во Лондон, со Предлог-платформа за настап на Делегацијата

14. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Наташа Горанска и Сара Горанска против Република Северна Македонија, А. бр. 1958/21

15. Предлог - одлука за формирање Заеднички експертски комитет во Република Северна Македонија

16. Предлог - одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина

17. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Комисија за поттикнување и следење на меѓуопштинската соработка

18. Предлог на закон за изменување на Изборниот законик, по итна постапка, поднесен од група пратеници

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

20. Предлог на закон за заштита на името Внатрешна македонска револуционерна организација - ВМРО, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

21. Предлог на закон за ваучер за неформална детска грижа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

22. Предлог на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

23. Предлог на закон за државна поддршка при купување на прв дом за млади, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

24. Предлог на закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

25. Предлог на закон за дополнување на Законот за домување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

26. Иницијатива поднесена од Кирил Михајловски, адвокат од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.112/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 37 став 1 во делот „родено на територијата на Република Северна Македонија“ од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 265/24, 17/25 и 132/25)

27. Иницијатива поднесена од Сузана Московска, Љупчо Московски, Милан Гелевски, Лепосава Гелевска, Михаил Апостолски, Роза Апостолска, Лина Петровска, Даница Митева и Снежана Тодоровска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.96/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/25)

28. Иницијатива поднесена од Емилија Мицковска, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.85/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 132 став 3 и став 4, член 138 став 9, член 142 и член 169 ставови 1, 9, 10, 11,

12, 13, 14, 15 и 16 од Законот за платни системи и платежни услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22, 64/24 и 37/25) и уставноста и законитоста на точка 3.4 алинеја 4, точка 6 алинеи 2 и 10, како и Глава III од Одлуката за издавање дозвола и согласности на оператор на платен систем и за содржината и начинот на водење регистар на оператори на платните системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 289/22 и 96/24)

29. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.192492, за КО Драчево 2, на КП бр.11898, викано место/улица „Марков Рид", Имотен лист бр.192515, за КО Драчево 2, на КП бр.11899, викано место/улица „Марков Рид" и Имотен лист бр.7380, за КО Драчево 2, на КП бр.11900, викано место/улица „Марков Рид"

30. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.193066, за КО Драчево 2, на КП бр.7503/1, викано место/улица „Малешевска бр.25"

31. Понуда од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.13104, за КО Охрид 2, на КП бр.8779, викано место/улица „Железничка"

32. Понуда од нотар Божидар Вангелов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1185 за КО Нов Дојран, на КП бр.1204, викано место/улица „Манастир"

33. Понуда од нотар Дејан Павлоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.907, за КО Визбегово, на КП бр.97, викано место/улица „Коњски Дол"

34. Понуда од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот-земјиште евидентирано во Имотен лист бр.732, за КО Сретеново, на КП бр.1684, викано место/улица „Мрдаја"

35. Понуда од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7245, за КО Сретеново, на КП бр.1714, викано место/улица „Мрдаја"

36. Понуда од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставена под И.бр.1727/19, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1338, за КО Охрид 2, на КП бр.8621, викано место/улица „15 Корпус"

37. Известување од извршител Лазар Петровски од Куманово, доставено под И.бр. 2593/2023 година, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 30 октомври 2025 година, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.493 за КО Љубодраг, на КП бр.57/3, КП бр.59/4, КП бр.62/3 и КП бр.60/3, викано место/улица „Бединска Утрина" и Имотен лист бр.188 за КО Љубодраг, на КП бр.57/6, КП бр.58/3 и КП бр.59/7, викано место/улица „Бединска Утрина"

38. Кадровски прашања

39. Прашања и предлози

40. Информација во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај за периодот јануари - јуни 2025 година за „Меѓународниот Аеродром Скопје" и „Св. Апостол Павле" – Охрид на ТАВ Македонија ДООЕЛ, со Полугодишен извештај

41. Информација за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај на тема „Дигитализација на матичните книги"

42. Информација за подготовка на Акциски план по Конечниот извештај од Државниот завод за ревизија на тема „Управување со државен имот“, со Акциски план

43. Информација со Акциски план по Конечниот извештај број 01 2024 03 03/1 за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука – Сметка на основен буџет (637), Сметка на буџет на заеми (786-70) и Сметка на буџет на заеми (786-47), со дополнување на Акцискиот план по Конечниот извештај број 01 2024 03 03/1 за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука – Сметка на основен буџет (637)

44. Информација со Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Сметка - Основен буџет (660), за квартал април-јуни 2025 година

45. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, за период од 1.4.2025 година до 30.6.2025 година

46. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, за периодот октомври – декември 2024 година, со дополнување

47. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем - Скопје за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година

48. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје, за периодот април - јуни 2025 година, со дополнување

49. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“, Битола за второ тримесечје од 2025 година, за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година

50. Шестмесечен извештај за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари-јуни 2025 година

51. Извештај за работењето на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1.2025 година до 30.6.2025 година

52. Извештај за работата на Националната комисија за учебници за 2024 година

53. Барање за одобрување на работењето на Управниот и Надзорниот одбор на АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје, со Предлог-одлука

54. Информација во врска со потребата од потпишување на нов Заеднички акциски план за спречување и борба против тероризам и насилен екстремизам за Западен Балкан (2025-2030), со текст на нов Заеднички акциски план

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 септември 2025 година, Записникот од Сто и

осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 октомври 2025 година и Записникот од Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 октомври 2025 година.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.0901-127/25).

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (сто и тринаесетта одлука).

**<u>Точка 3</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Усогласениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштита на потрошувачите за 2025 година.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на Европски патен коридор од стратешки интерес, Коридор 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требеништа-Ќафасан и Коридор 10Д: делница Прилеп-Битола на минерална суровина-калцитски мермер на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје на локалитетот „Топлица", Јама 6-1, Општина Прилеп.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја донесе Годишната програма за изменување на Годишната програма за финансирање на изработка на Просторен план на Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата со краткорочни мерки за чист воздух, со Акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план со краткорочни мерки за чист воздух за период ноември 2025 година – март 2026 година.

2. Ги задолжи надлежните институции од Акцискиот план со краткорочни мерки за чист воздух за периодот ноември 2025 година – март 2026 година два пати месечно (на 1 и 15 секој месец, почнувајќи од 15 ноември 2025 година, заклучно со 1 април 2026 година) да доставуваат извештај за спроведените активности до Министерството за животна средина и просторно планирање, како координатор на активноста за чист воздух.

3. Го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање еднаш месечно да ја информира Владата за спроведените активности, врз основа на добиените извештаи од надлежните институции наведени во Акцискиот план со краткорочни мерки за чист воздух за периодот ноември 2025 година – март 2026 година.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање бр.11-6081/1 од 23.7.2025 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии, поради неможност за отплата на доспеаните обврски по Договор за заем, склучен со Експорт-импорт банка на Кина, со текст на договори и амортизациони планови, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи договори за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција, односно по платената рата на 21.7.2025 година по двата договори за обезбедување на државна гаранција бр.14-10754/2 од 24.6.2014 година и бр.14-10753/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат-делница Кичево-Охрид" и Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат-делница Миладиновци-Штип", склучени помеѓу Експорт-импорт банка на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта Скопје, со рок на враќање од 2 години (24 месечни рати), без пресметка на редовна камата, односно отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.10.2025 година, на износ и под услови како што е утврдено во оваа информација.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за плаќање на обврските од членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да ги подмири обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации за даночни цели при ОЕЦД за 2024 година, во рок од 30 дена.

**Точка 10**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за парничната постапка (*), за наредната седница на Владата, поради потребата истиот да се разгледа во присуство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да го извести Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога Предлогот на закон повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 12**

Владата го разгледа Извештајот од Втората седница на Мешовитата комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Австриската Сојузна Влада за стопанска, земјоделска, индустриска, техничка и технолошка соработка и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура и туризам да побара од Австриското Сојузно министерство за економија, енергетика и туризам до 31 октомври 2025 година, размена на експерти за одржување на средби на теми за промоција на националните туристички производи.

2. Се задолжува Министерството за транспорт, во соработка со Железници на Република Северна Македонија Траспорт АД-Скопје да ја информира Владата за состојбата со ZRSM (NMK Bahn) на Rail Cargo Austria (RCA) и Rail Cargo Hungaria (RCH), до 30 ноември 2025 година, согласно образложението дадено во прилог на Извештајот.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука да воспостави соработка со Австриското Сојузно министерство за економија, енергетика и туризам до 31 октомври 2025 година за размена на искуство и знаење во модернизација на пејзажот на професионални профили во дуалното стручно образование и обука.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовките за учество на Делегација на Република Северна Македонија на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес, на 22 октомври 2025 година во Лондон, со Предлог-платформа за настап на Делегацијата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја прифати Платформата за настап на Делегацијата на Република Северна Македонија за учество на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес, на 22 октомври 2025 година во Лондон.

2. Се задолжуваат членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија да ги презентираат ставовите содржани во Платформата за настап на Делегацијата на Република Северна Македонија за учество на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес, на 22 октомври 2025 година во Лондон, за настап на сесиите кои се предвидени во рамки на програмата на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ги спроведе сите неопходни дипломатски активности и протоколарни подготовки поврзани со учеството на Делегацијата на Република Северна Македонија на Конференцијата на високо ниво за Западен Балкан во рамки на Берлинскиот процес.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Наташа Горанска и Сара Горанска против Република Северна Македонија, А. бр. 1958/21 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Наташа Горанска и Сара Горанска против Република Северна Македонија, А.бр.1958/21.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантите во предметот Наташа Горанска и Сара Горанска против Република Северна Македонија, А.бр.1958/21 ќе им исплати вкупна сума од 8.050 евра, за обесштетување на нематеријалната штета и надомест на трошоците, износ кој државата би се обврзала да им го исплати на апликантите за целите на евентуално спогодбено решавање на предметот.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметот Наташа Горанска и Сара Горанска против Република Северна Македонија, А.бр.1958/21, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметот, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права, со која ќе ја признае повредата на Конвенцијата и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за формирање Заеднички експертски комитет во Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА" во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа Одлуката.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, а за повереници Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана и Милан Андоновски, директор на директоратот за правни работи.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Комисија за поттикнување и следење на меѓуопштинската соработка.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Изборниот законик, по итна постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

По разгледување на Предлогот на закон за изменување на Изборниот законик, по итна постапка, се смета дека не е соодветно да се вршат измени на Изборниот законик за време на изборен период, бидејќи таквите интервенции можат да ја нарушат правната сигурност и принципот на фер и демократски избори. Во ваков чувствителен политички момент, секоја промена на изборните правила може да се протолкува како обид за влијание врз изборниот процес, што дополнително ја поткопува довербата на граѓаните во институциите. За да се обезбеди транспарентност и стабилност, сите измени поврзани со изборната регулатива треба да се прават со широка политичка согласност и во соодветен временски период, значително пред распишување на изборите.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

**Точка 19**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се предлага изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08, 62/09, 64/09, 156/09, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 150/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 20/15, 48/15, 129/15, 217/15, 190/16, 171/17, 35/18 и 247/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 251/22 и 3/25) и со истото се предвидува ослободување од плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување на работодавачите за вработување на мајка со три или повеќе живородени деца, во период од 36 месеци од денот на нејзиното вработување.

Предлогот на закон предвидува ослободување на работодавачите од плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување само на нови вработувања, односно на лица кои во моментот на склучување на договорот за вработување не биле во редовен работен однос кај истиот работодавач во претходните 12 месеци. По вработувањето на мајката со три или повеќе живородени деца за чие вработување се одобрува ослободување за плаќање на придонес за задолжително социјално осигурување, работодавачот се задолжува да ја задржи вработената на работа уште 36 месеци, по истекот на периодот за којшто е ослободен од плаќање придонеси од задолжително здравствено осигурување.

Целта за донесување на овој закон, според предлагачот е поттикнување на вработувањето на жената, која е мајка со повеќе деца, што ќе придонесе кон подобрување на економската состојба на жената и семејството.

Овој предлог се јавува како дел од пошироките политики за демографска поддршка, економска инклузија и социјална сигурност кои се значајни за Република Северна Македонија во делот на стимулирањето на економската активност на семејствата со повеќе деца, а особено мајките и се препознава како стратегиска мерка, со цел зачувување на социјалната стабилност, зголемување на продуктивноста и обезбедување на социјални права за ранливи категории.

Задолжителното здравствено осигурување се воведува за сите граѓани на Република Северна Македонија, заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на задолжителност, сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со закон.

Според начелото на задолжителност, здравственото осигурување е задолжително за сите граѓани кои во член 5 став 1 од Законот за здравствено осигурување се наведени како осигуреници. Со стекнување на својството на осигуреник, здравственото осигурување станува задолжително и на сите осигуреници им обезбедува социјална сигурност, односно здравствено осигурување за случаи во кои може да се остварат правата за заштита на здравјето во случај на болест и повреда. Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување е предвидена обврската за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување со што се постигнува финансиска одржливост на системот на здравственото осигурување и здравствената заштита, односно обврската за плаќање на придонесот за здравствено осигурување како основен услов за непречено користење на здравствената заштита и здравствените услуги.

Со оглед на тоа што со Законот се предлага работодавачот да биде ослободен од обврските за плаќање на придонеси за задолжително здравствено осигурување во период од 36 месеци, од фискален аспект измените на Законот предизвикуваат дополнителни фискални импликации за кои изостанува детална финансиско - економска анализа која би овозможила точна проценка на влијанието врз Буџетот и Фондот за здравствено осигурување. Во Предлогот не е наведен потенцијалниот обем за користење на мерката со што не може да се предвиди ефектот врз јавните финансии ниту, пак, нејзината одржливост на долг рок, а со оглед на тоа што мерката се однесува само на мајки со три или повеќе живородени деца истата е ограничена и селективна, во однос на други семејства кои се соочуваат со економски предизвици со што предизвикува ризик од нееднакво третирање на ранливите категории. Во Предлогот на закон, периодот на претходна вработеност е ограничена на 12 месеци и без дополнителни контроли со што постои ризик од формални злоупотреби, заради недостаток на механизми за мониторинг и верификација. Со тоа што Законот се предлага по скратена постапка со само четири члена не овозможува јавна дискусија за сите засегнати страни, ограничена дебата, а со тоа се намалува и транспарентноста и можноста за прецизно утврдување на ефектите и потенцијалните ризици.

Во Предлогот на закон не се предвидени дополнителни мерки за развој на флексибилни работни услови, мрежи за згрижување на деца или едукација и развој на вештините на мајките, со што ова законско решение делумно ја решава економската неактивност на оваа категорија.

Согласно, член 4 од Предлогот на закон истиот ќе се применува од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија", при што не се овозможува доволно време за прилагодување на администрацијата, работодавачите и системите за контрола и мониторинг.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, со укажување за потребата од дополнително разработување на истиот со детална анализа и дополнителни механизми за контрола.

**Точка 20**

Владата го разгледа Предлогот на закон за заштита на името Внатрешна македонска револуционерна организација - ВМРО, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

По разгледување на Предлогот на закон за заштита на името Внатрешна македонска револуционерна организација – ВМРО, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење и укажува дека истиот е неуставен, недемократски, создава амбиент за политичка цензура и селективност и врши повреда на Европскиот суд за човекови права. Поради тоа се напоменува следното:

I. Внатрешната македонска револуционерна организација-ВМРО е симбол на повеќевековната борба на македонскиот народ за слобода, државност и национален идентитет.

Основана во далечната 1893 година, таа преку Илинденското востание и Крушевската Република остави неизбришлив белег во националната меморија. Идеалите на ВМРО беа продолжени и преку АСНОМ во 1944 година, кој ги постави темелите на современата македонска државност во рамки на тогашниот систем.

ВМРО-ДПМНЕ е првата и единствена политичка сила што уште пред 1990 година ја промовираше идејата за самостојна и независна Република Македонија и во 1991 година успеа преку организирањето на успешен референдум, да ја реализира вековната идеја за слободна, независна и самостојна држава, поставувајќи ја Македонија како рамноправен субјект во меѓународната заедница и покрај сите внатрешни и надворешни предизвици, а со тоа партијата ја продолжи линијата од Илинден и АСНОМ до денес.

Во времето кога дел од тогашните партии и движења уште гледаа решение во останување во Југославија, федерација или конфедерација, ВМРО-ДПМНЕ јавно и јасно зборуваше за: македонски институции, македонски пари и македонска репрезентација.

Името „ВМРО" е симбол на процесот на создавање независна македонска држава.

Периодот од 1990 до 1991 година го бележи клучниот момент кога ВМРО-ДПМНЕ, преку својата програма и политички активности, ја оствари вековната цел на македонскиот народ, со тоа партијата се вгради во темелите на современата македонска државност како државотворен и водечки субјект.

Исто така, се напоменува и дека пред 1990 година и во раните години на плурализмот, сите кои се залагаа за независна и самостојна Република Македонија беа предмет на прогон, затворање, судење, следење и на тортури. Тие лица го посветија својот живот на остварување на вековниот сон за независна држава, со лични жртви и ризици за сопствената слобода и живот. Се напоменува и дека денес, за овие жртви и прогонети не постои никаква сатисфакција, што ја нагласува историската и морална должност на државата и институциите да го зачуваат нивниот придонес, достоинството и сеќавањето на нивната борба.

Ако државата денес им забрани на наследниците на таа идеологија да го користат своето име, тоа би било негирање на историјата и улогата во осамостојувањето токму на партијата ВМРО-ДПМНЕ.

II. Меѓународен углед

-Во демократските земји е незамисливо државата со закон да забранува име на политичка партија, освен ако тоа име не повикува на омраза или насилство.

-Со ваков закон, Република Северна Македонија би добила негативен имиџ пред Европската Унија и Советот на Европа, бидејќи тоа е директен удар врз политичкиот плурализам.

III. Долг кон генерациите што ја донеле независноста

-Оние што ја иницирале независноста на Македонија преку ВМРО-ДПМНЕ (референдумот од 1991) ја исполниле историската задача на народот.
-Наместо да им се забранува името, државата треба да го почитува и признава нивниот придонес.
-Забраната би изгледала како отфрлање на историскиот темел врз кој е изградена современата македонска држава.

IV. Критика за Предлогот на закон
Предлогот на закон содржи седум члена, со кои се регулира употребата на името „ВМРО" и неговите кратенки, како и воведување на регистар и одобрение за легална употреба. Иако целта на Предлогот на закон е заштита на културното и историско наследство, постојат значајни правни и политички проблеми кои може да доведат до правни постапки и рушење на денешниот плурaризам:

1.Предлогот на закон е неуставен
Се коси одредби на Уставот на Република Северна Македонија и тоа на:
Член 8
Темелни вредности на уставниот поредок се:
-слободата на човекот и граѓанинот,
-политичкиот плурализам и слободните непосредни избори,
почитување на човековите права и слободи.
Забраната на едно историско партиско име директно го нарушува политичкиот плурализам.
Член 16
-Загарантирана е слободата на уверување, совест, мисла и јавно изразување. Забраната на име со историска и идеолошка симболика е форма на ограничување на политичко уверување и јавно изразување.
Член 20
-Граѓаните имаат право на слободно здружување заради остварување на политички, економски, социјални и културни права и уверувања. Партиите се здруженија на граѓани, од друга страна забрана за името „ВМРО" е директен напад врз ова право.
Член 54
-Слободите и правата можат да се ограничат само во услови на воена или вонредна состојба и тоа во обем неопходен за таква состојба. Но, во моментов нема воена ниту вонредна состојба, па затоа нема уставна основа за такво ограничување.
2. Недемократски
2.1. Врши директен удар врз политичкиот плурализам
-Демократијата почива на постоење на повеќе партии кои слободно се натпреваруваат.
-Со забрана на името „ВМРО" се удира по една цела идеолошка и историска струја, што претставува обид за цензура и политичка елиминација.
2.2. Селективна правда
-Ако се забранува „ВМРО" поради историска симболика, тогаш би било правно и морално логично и на другите партии да не им се дозволува користење на имиња што произлегуваат од историјата тогаш повеќе од јасно е дека треба да се забранат, односно пререгистрираат и имиња кои потсетуваат на едно блиско минато како „Социјалдемократски сојуз", „Левица" ,,Десна партија" итн.
-Ваквиот селективен пристап е спротивен на принципот на еднаквост пред законот.
2.3. Спротивно на европските демократски стандарди
-Европскиот суд за човекови права дозволува забрана на партии само ако тие повикуваат на насилство или рушење на уставниот поредок, но фактичката состојба не е таква.
Предлогот на закон е спротивен на член 11 од Европската конвенција за човекови права на демократските стандарди на Европска Унија и Советот на Европа.
3.Апсолутна забрана на името ВМРО

Врз основа на член 4 од предложениот предлог на закон, предвидена е забрана за користење на името и сите изведби за политички партии и други субјекти без посебна дозвола од Министерството за култура и туризам. Ова е сериозно ограничување на уставното право на слободно здружување и политичка дејност. Таквата апсолутна забрана ја става секоја политичка активност под контрола на државен орган, што е неприфатливо во демократски систем.

4.Обврска за пререгистрација, член 6 од Предлогот на закон, пак, ја налага обврската на сите правни лица кои го користат името ВМРО да поднесат барање за одобрение или доброволно да го променат своето име во рок од 60 дена. Оваа регулатива ја поткопува автономијата на политичките субјекти и го отвора прашањето за дискриминација или политичка злоупотреба. Обврската за пререгистрација преку Министерството за култура и туризам е неприфатлива како инструмент за контрола на историјата и политичките права на организациите.

5.Историска и политичка неоснованост – ВМРО-ДПМНЕ ја наследува историската мисија на ВМРО и е единствената партија која ја оствари целта за независна и слободна Република Македонија. Забраната и пререгистрацијата на името директно ја ограничуваат историската легитимност на организацијата и ги игнорираат заслугите на нејзините членови и симпатизери. Исто така, не се предвидува никаква сатисфакција за жртвите и прогонетите за идеалите на независна Македонија, што ја прави мерката и морално проблематична.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека Предлогот на закон во сегашната форма е неприфатлив, поради следините недостатоци:

-Предлогот на закон е неуставен, недемократски, со политичка цензура и со повреда на Европската конвенција за човекови права

-Ограничувањето и контрола на името „ВМРО" преку Министерството за култура и туризам, се поткопува автономијата на политичките субјекти.

-Обврската за пререгистрација во рок од 60 дена претставува правна и историска неправда кон ВМРО-ДПМНЕ и нејзините членови.

-Историска и морална неправда, Предлогот на закон не обезбедува сатисфакција за жртвите и прогонетите за идеалите за независна Македонија, а истовремено ја ограничува правната и историската позиција на ВМРО-ДПМНЕ.

-Политичка селективност и цензура – ја таргетира најголемата политичка партија, што создава впечаток на политичка пресметка, а не на објективна културна заштита.

-Правна и политичка несигурност – Прописите создаваат ризик од дискриминација и политичка злоупотреба на институционалната контрола врз името, наместо да обезбедат заштита и афирмација на културното и историското наследство.

-Наместо обединување околу националното наследство, ваквиот закон ќе предизвика нови политички и општествени конфликти.

-Законскиот предлог треба да се преиспита за да се зачува историското и културното наследство на ВМРО без да се нарушуваат уставните права и демократските принципи.

Се укажува дека предлагачот на законот во предложената форма, наместо да донесе придобивки, тој не ја заштитува историјата на ВМРО, туку ја ограничува легитимната употреба на името и создава потенцијални правни и политички конфликти.

Исто така, се укажува дека недостасува став од:

1.Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) – за стручна и научна оценка на историската легитимност и културното значење на името ВМРО.

2.Историскиот архив на Македонија – за документарни и архивски податоци поврзани со ВМРО и неговата историја.

3.Факултетот за историја при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - за академски историски осврт и консултации од професори и стручњаци за македонската револуционерна историја.

3.Институтот за национална историја – за стручни експертизи и истражувања поврзани со македонското ослободително движење.

4.Државниот архив или локалните историски институции – за дополнителни документи и локални извори поврзани со дејностите на ВМРО.
5.Културните центри и здруженијата на борци/ветерани – за проценка на влијанието врз колективната меморија и правата на жртвите и борците.

Носењето на вакво законско решение, по скратена постапка, без претходни анализи и соодветна работна група е нецелисходно, а пред сѐ имајќи предвид дека во Предлогот на закон се користат термини како културно наследство, историско наследство, заштита на јавен интерес, историја, традиција итн.

Се укажува дека називот Внатрешна македонска револуционерна организација – ВМРО не претставува нематеријално културно наследство во смисла на Законот за заштита на културното наследство. Имено, согласно член 122 од Законот, Управата за заштита на културно наследство издава одобрение за име, облик или друг препознатлив дел на заштитено добро да се употреби за реклама, како елемент на фирма и за изработка на сувенири или други предмети за комерцијални цели, на начин соодветен на намената или значењето на доброто.

Согласно одредбите од член 3 став (4) од Законот за заштита на културното наследство, нематеријално културно наследство се разни облици и појави на човековото духовно творештво во минатото, коешто заедниците, групите и поединците го препознаваат како свое културно наследство и кое се пренесува од генерација на генерација на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно член 6 став (4) од Законот за заштита на културното наследство, заштитата на нематеријалното културно наследство се остварува и со изработување и чување на записи за него, како и со поттикнување на неговото пренесување во изворните и другите средини.

Согласно одредбите од членовите 24, 25 и 26 од Законот за заштита на културното наследство, нематеријално културно наследство претставуваат фолклорните добра (обичаи, обреди, преданија, умотворби, народни песни, приказни, легенди, пословици, гатанки, танци, игри, стари и ретки занаети, традиционални вештини и други изрази од нематеријалното народно творештво), јазикот - стандарниот јазик, како и сите негови локални говори (дијалекти) и топонимите (езера, реки, извори и други водни објекти (хидроними), градови, села и други населби (оиконими), природни или административни подрачја (хороними), патишта (дромоними), земјоделски просторни објекти (агроними), планини и други објекти на природата поврзани со шуми (дендроними) и други изворни, локални и официјални називи што се предметни за топонимијата на Република Северна Македонија).

Во поглед на начинот на остварување на заштита на нематеријалното културно наследство, се укажува на следново:

Во согласност со Законот за заштита на културното наследство, име не претставува нематеријално културно наследство.

Согласно одредбите од член 40 став (2) точка 2 од Законот за заштита на културното наследство, Решение за прогласување на значајно културно наследство донесува Управата за заштита на културното наследство за фонотечните и нематеријалните добра по предлог на правните лица овластени за вршење работи на заштита на односниот вид добра.

Согласно одредбите од член 41 од Законот за заштита на културното наследство, одлука за прогласување културно наследство од особено значење се донесува за културното наследство од членот (37) точки 3 и 4, односно за архивската граѓа во смисла на одредбите од член 20 од Законот, без оглед дали е предадена во Архивот, како значајно културно наследство и за

движното културно наследство со кое управуваат јавните установи за заштита (музеи, библиотеки, кинотека), запишано во инвентарната книга, како значајно културно наследство; за привремено заштитените добра за кои е донесено решение за привремена заштита и за незаштитените добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, доколку исполнуваат најмалку еден од критериумите во смисла на одредбите од членот 28 ставови (3) и (4). Одлука донесува Владата на Република Северна Македонија по предлог на Управата и мислење на Националниот совет за културно наследство. По исклучок, на предлог на Владата на Република Северна Македонија, а по претходно мислење на Националниот совет за културно наследство, одделни нематеријални добра или недвижни добра што претставуваат споменична целина, односно културен предел, можат да бидат прогласени со закон.

Согласно одредбите од членот 9 став (5) од Законот за установите, Министерството за култура и туризам има законска надлежност да даде одобрување кога називот на установа содржи име на историска или друга значајна покојна личност. Притоа, за внесување на името на таа личност во називот на установата е потребна согласност од нејзините законски наследници до втор наследен ред, а ако нема наследници до втор наследен ред тогаш одобрение дава Министерството за култура и туризам. Во однос на приватна установа која во својот назив ги користи изразите кои означуваат име на историски места, државата или нејзините кратенки, надлежно е Министерството за правда.

Се укажува дека називот „Внатрешна македонска револуционерна организација – ВМРО" не претставува нематеријално културно наследство, во смисла на одредбите од Законот за заштита на културното наследство. Притоа, прогласувањето на називот „Внатрешна македонска револуционерна организација – ВМРО" за нематеријално културно добро од особено значење со закон не е во согласност со одредбите од Законот за заштита на културното наследство. Дополнително, согласно одредбите од член (9) од Законот за установите, Министерството за култура и туризам единствено има надлежност да дава одобрение за назив на установа која содржи име на историска или друга значајна историска личност, но не и називи кои означуваат име на историски места, државата или нејзини кратенки.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека Предлогот на закон за заштита на името Внатрешна македонска револуционерна организација – ВМРО, по скратена постапка, не е во согласност со постоечката законска регулатива и од тие причини Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење.

**<u>Точка 21</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ваучер за неформална детска грижа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Предлогот на закон за Ваучер за неформална детска грижа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, предизвикува дополнителни фискални импликации кои не се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната 2025 година. Од аспект на фискална одржливост, ваквите законски решенија создаваат нови буџетски обврски за кои не е обезбедено финансирање. Предложениот Предлог на закон не е усогласен со Законот за електронско управување и електронски услуги, Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги како и со Законот за централен регистар на население. Буџетските проекции за 2025 година не предвидуваат средства за вакви наменски мерки.

Согласно претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Предлогот на закон за Ваучер за неформална детска грижа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Целта на Предлогот на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка е преку дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), со нов член 171-а на работникот да му се даде право на шест часа работно време, кое ќе се смета за полно работно време, да му биде организирано флексибилно, односно распоредот да му биде изменет, како и да работи од дома, но исклучиво во прва смена. Ваквото право го остваруваат двајцата родители, до шестгодишна возраст на детето. Притоа, работодавачот може да го одбие барањето на работникот само во случај на сериозни оперативни потреби, кои не дозволуваат прилагодување на работното време.

Согласно предлагачите, ваквите измени ќе доведат до подобро усогласување на работните и семејните обврски, што ќе резултира со помотивирани и попродуктивни работници.

Концептот на флексибилно работно време е присутен во современото трудово законодавство како начин на организирање на работното време кој се движи од строгите модели на организирање, кон модели кои повеќе му одговараат на работникот, но без нарушување на работниот процес. Ова особено беше промовирано со Директивата на Европскиот парламент и совет 2019/1158 од 2019 година за работно-семеен баланс на родителите и негувателите.

Во насока на транспонирање на Директивата, во текстот на новиот Закон за работните односи, на кој се работи веќе подолго време и кој е сè уште во работна верзија, содржани се одредби кои на работникот родител (и татко и мајка) им овозможуваат низа права заради обезбедување на рамнотежа помеѓу професионалниот и приватниот живот. Вклучувањето на овие одредби во нацрт - верзијата беше направено во консултации и согласност со социјалните партнери.

Во оваа смисла, воведувањето на истите не е императив, туку е секогаш во договор со работодавачот. Се работи за детално разработени права и постапки, кои освен претходно споменатото флексибилно работно време на работниците - родители, содржат можности и за форми на флексибилно организирање на работата заради нега на член на семејство.

Значи, Предлогот на закон за дополнување на Законот за работните односи има за цел да воведе одредби кои се само дел од целата суштина за работно-семејниот баланс. Притоа, користењето на правото на флексибилно работно време е поставено како императив, а не и во договор со работодавачот, односно работодавачот само во исклучителен случај може да го одбие барањето.

Доколку се усвои овој предлог на закон, законодавецот непринципиелно би интервенирал во област што веќе начелно е уредена и усогласена со социјалните партнери. Отстапувањето од она што е веќе договорено значи отстапување од веќе воспоставената рамнотежа и работниците ќе ги стави во привилегирана положба во однос на работодавачите, како и во однос на оние кои имаат потреба да негуваат член на семејството, а не се родители на деца.

Затоа, не случајно во новиот закон целата област која ја балансира работната динамика со семејниот живот е целосно, а не парцијално уредена.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 23**

Владата го разгледа Предлогот на закон за државна поддршка при купување на прв дом за млади, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Согласно одредбите на Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 151/21 и 12/25), во име на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија може да издаде државна гаранција за задолжување на носителите на јавен долг. Носители на јавен долг се Владата на Република Северна Македонија, јавните установи основани од државата, општините, општините во Градот Скопје, Градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или доминантна сопственост на државата или општините.

Во Предлогот на закон се предвидува издавање на државна гаранција во корист на банките, кои согласно Законот за јавен долг не се носители на јавен долг. Соодветно на тоа предвиденото решение не е усогласено со законските одредби од Законот за јавен долг, според кои државна гаранција може да издаде само Владата на Република Северна Македонија за задолжување на носители на јавен долг.

Во таа насока, се укажува дека предложениот Предлог на закон е во колизија со Законот за јавен долг, а воедно се укажува и на тоа дека со Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија (2024 – 2028) е предвидено повторно воспоставување и унапредување на мерката „Купи куќа за млади“, преку исплаќање субвенции во форма на месечни рати за изградба на куќа или преку исплаќање субвенции за почетно учество при добивање кредит за изградба на куќа.

При тоа, се укажува и на тоа дека предложеното законско решение не е соодветно и не е издржано, во насока на тоа дека не може на секој ентитет да се издаде гаранција без оглед на неговата кредитна способност.

По однос на висината на предложената каматна стапка во Предлогот на закон да изнесува не повеќе од 3% годишно во текот на целиот период на отплата на кредитот, се укажува дека истата е неприфатлива од причина што утврдувањето на висината на каматните стапки постојано подлежи на анализа на пазарните околности и на потребата од поттикнување на конкретни сектори.

Дополнително, се укажува дека во среднорочните фискални проекции не се предвидени средства за финансиската поддршка и импликациите што произлегуваат од спроведување на овој закон.

Согласно горенаведеното, по однос на доставениот Предлог на закон за државна поддршка при купување на прв дом за млади, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење, односно му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

**Точка 24**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со предложеното законско решение се овозможува зголемено користење на услугите на јавниот превоз, што директно ќе придонесе за подобрување на квалитетот на животната средина преку намалување на загадувањето на воздухот и постигнување позитивни еколошки резултати.

Истовремено, предложените измени ќе обезбедат поголема достапност до неопходните јавни услуги, без дополнителен финансиски товар за родителите на мали деца.

Во доставениот материјал е наведено дека Предлогот на закон може да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, за кои не е извршена прецизна финансиска пресметка.

Имајќи го предвид наведеното, се укажува дека во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година не се планирани средства за спроведување на предложените законски измени.

Поради горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлогот на закон за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 25**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за домување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со Предлогот на закон за дополнување на Законот за домување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници се предлага дополнување на членовите 65 и 126 во Законот за домување и тоа:

- во членот 65 по ставот (3) да се додаде нов став (4) кој гласи: „Висината на закупнината на годишно ниво, не може да биде повисока од 3% од вредноста на становите утврдена согласно методологијата за утврдување на вредноста на станот од ставот (3) на овој член" и

- во членот 126 став (1) по точката 5) се додава нова точка 5-а) која гласи: „издаде или користи стан или дел од стан во закуп или подзакуп спротивно на висината определена во членот 65 став (4) од овој закон.".

Вака предложените интервенции во Законот за домување задираат во правото на сопственост и располагање со приватната сопственост што како право е уставно загарантирано со членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија и е една од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката. Со истиот се ограничува правото на располагање со сопствениот имот и правата кои произлегуваат од сопственоста.

Исто така, со вака предложениот Предлог на закон се загрозува и слободата на пазарот која како право е загарантирана со членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Со Уставот на Република Северна Македонија се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Исто така, со Уставот на Република Северна Македонија се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.

Согласно горенаведеното, Предлогот на закон за дополнување на Законот за домување, по скратена постапка, кој се предлага како предлог поповолен за граѓаните, се смета дека истиот согласно позитивните уставно-правни одредби би бил противуставен.

Воедно, согласно постоечката законска регулатива за користење на стан под закуп се склучува Договор за закуп на стан помеѓу сопственикот на станот како закуподавач и лицето кое ќе го користи/изнајмува станот како закупец, а кој договор задолжително се солемнизира на нотар и истиот подлежи на оданочување со данок на доход.

Ова дотолку повеќе што, склучувањето на Договор е израз на волја на договорните страни кои можат слободно да одлучуваат за сите елементи на нивниот договорен однос.

Решавањето на станбеното прашање и создавање подобри услови на домување, може да се оствари преку други мерки, а една од нив е носење на Закон за социјално домување и креирање на Стратегија за домување.

Законот за домување ја уредува материјата на домувањето: видови објекти, управување со станбени згради, односите меѓу сопственици, закупнички односи, евиденција итн. Со Предлогот на закон за дополнување на Законот за домување , предлагачот предлага 3 члена и тоа измена на член 65 со додавање на нов став (4), со кој се утврдува дека висината на закупнината на годишно ниво не може да биде повисока од 3% од вредноста на станот, определена според методологијата од истиот член. Дополнително, во член 126 се воведува нов прекршок за издавање или користење стан по цена повисока од утврдената законска граница.

Целта на ова дополнување е ограничување на растот на цените на закупнината, заштита на закупците и обезбедување фер пазар на изнајмување станови, во услови кога постојната регулација овозможува високи и често нереални цени.

Коментарите се дадени по следниот редослед:

1. Позитивни страни:

1.1 Заштита на граѓаните-закупци - со утврдување горна граница се спречува прекумерно зголемување на закупнините, што ја олеснува достапноста на домувањето.

1.2 Поголема правна сигурност - законската регулација наместо подзаконски акти обезбедува јасни правила, усогласени со принципите на владеење на правото.

1.3 Социјална димензија — ограничувањето е во функција на обезбедување пристап до сигурно и социјално одржливо домување, како дел од уставно загарантираните права.

1.4. Усогласување со европски практики - во повеќе земји од Европската Унија (Словенија, Австрија, Германија) постојат индекси или горни граници на закупнината заради спречување злоупотреби.
2. Слабости и недостатоци:

2.1 Недостасува дефиниција на „вредност на станот" — дали тоа е пазарна процена, катастарска вредност, книговодствена вредност или вредност утврдена според методологија? Без дефиниција, примената ќе биде субјективна и спорна.

2.2 Преоден период / клаузули за постоечки договори — на пр: ограничување важи само за нови договори; за постоечки — постапно намалување или финансиски механизми што не водат до масовни судски тужби.

2.3 Намален прилив на персонален данок во буџетот - со лимитирање на висината на закупнината на 3% од вредноста на станот, приходите на закуподавачите се намалуваат, а со тоа се намалува и даночната основа за персонален данок. Ова може да резултира со помалку средства во Буџетот од приходите од закупнина.

2.4 Поттикнување на „сив" сектор — сопствениците можат да го издаваат станот надвор од официјалната евиденција за да добијат реална пазарна закупнина, што дополнително ќе го намали официјалниот прилив од персонален данок и ќе создаде проблеми со даночната контрола.

2.5 Нарушување на пазарната рамнотежа - пазарот, базиран на понуда и побарувачка, најдобро ја формира реалната висина на закупнината.

2.6 Ригидност на законското ограничување — фиксен максимум од 3% може да биде неприменлив за различни пазари (Скопје, другите градови, рурални средини).

2.7 Проблеми со методологијата - вредноста на станот се утврдува врз основа на фактори кои не ја одразуваат реалната пазарна побарувачка, со тоа ограничувањето може да доведе до искривување на пазарот.

2.8 Недоволна анализа на последиците - не е изработена економска проценка како ограничувањето ќе влијае врз сопствениците, инвеститорите и градежниот сектор.

2.9 Недостаток на преодни решенија - законот влегува во сила веднаш, без транзициски период, што може да предизвика хаос во веќе постоечките договори.

2.10 Недоволна прецизност - предложената одредба е премногу општа и остава простор за различни толкувања, што може да предизвика проблеми во практичната примена.

2.11 Недоволна усогласеност со постојниот закон - дополнувањето не е доволно поврзано со другите одредби на Законот за домување, што може да доведе до контрадикции и нејаснотии.

2.12 Непотполна финансиска анализа - не е проценето какви финансиски импликации ќе има новата одредба за граѓаните, управителите или за буџетот на државата.

2.13 Недостаток на преодни решенија - нема механизам за постепена примена или адаптација, што може да создаде хаос во управувањето со згради каде веќе постојат договорени правила.

2.14 Намалена понуда на станови за издавање, бидејќи сопствениците може да не сакаат да издаваат по законски лимитирана цена.

2.15 Поттикнување на непријавено издавање или други нелојални практики.

2.16 Долгорочни ефекти на пазарот на домување - законското ограничување може да го намали инвестирањето во станбени објекти за издавање, што ќе влијае на капацитетот на пазарот да одговори на побарувачката и на стабилноста на цените во долгорочен период.

2.17 Административни ризици и неизвесност - ефективноста на овој закон зависи од спроведувањето на подзаконските акти и контролата од надлежните институции. Недоволна контрола или лошо утврдени критериуми може да доведе до судири и правна неизвесност.

3. Потенцијални ризици и слабости од предложеното законско решение:

3.1. Правна и институционална несигурност

3.2. Нејасна формулација — терминот „вредност на станот" и „3% од вредноста‟ може да предизвика различни толкувања од судовите, инспекциските органи и управителите на згради.

3.3. Конфликт со постојните подзаконски акти — методологијата за утврдување на вредноста на станот се регулира со Уредба на Владата, што креира потенцијален правен конфликт со законската рамка.

3.4. Нејасна примена на прекршочните одредби - нема конкретни критериуми за тоа како инспекциските органи ќе проценуваат и санкционираат прекршувања што создава простор за дискреција и несигурност.

4. Економски и финансиски ризици:

4.1 Намален приход на закуподавачите - ограничувањето на закупнината на 3% од вредноста на станот може да ја намали економската исплатливост на издавањето станови, особено за нови и скапи станови.

4.2 Намален прилив на персонален данок и данок на доход - поради ограничената закупнина, закуподавачите ќе имаат помали приходи, што директно влијае врз основата за персонален данок, со што може да се намалат буџетските приходи.

4.3 Намалена понуда на станови за изнајмување - сопствениците можат да се откажат од издавање поради ниската законски дозволена цена, што ќе го зголеми недостигот на станови и може да доведе до криза во пазарот на изнајмување.

4.4 Неповолно влијание врз инвестициите - ограничувањето на профитот може да ја намали мотивацијата за изградба на нови станбени објекти, особено оние предвидени за изнајмување, што долгорочно влијае врз развојот на пазарот на домување.

5. Социјални и пазарни ризици:

5.1 Нарушување на пазарната рамнотежа - реалната висина на закупнината најдобро се формира според понудата и побарувачката; законското ограничување може да доведе до несоодветни цени, недостапност на становите и тензија на пазарот.

5.2 Ризик од сива економија — закуподавците можат да бараат дополнителни плаќања „на рака" за да ја надоместат законската граница, што поттикнува даночно затајување и нарушува транспарентноста.

5.3 Нееднаква примена - различни општини, управители и инспекциски органи можат да ја применуваат одредбата различно, создавајќи правна и социјална нерамноправност меѓу граѓаните.

5.4 Зголемен број спорови и правни конфликти - инспекциските органи и судовите може да бидат преоптоварени со спорови за утврдување на законскиот лимит и интерпретација на правилата.

6. Ризици поврзани со контрола и управување:

6.1 зголемен ризик од злоупотреби - без јасни и ефективни контроли, сопствениците и управителите на згради можат да манипулираат со просторот, користењето на станот или плаќањата за да ја зголемат сопствената добивка.

6.2 ограничени механизми за санкции - прекршочните одредби се нови и може да бидат недоволно ефикасни во практична примена.

6.3 Ризик од административна преоптовареност - контролните органи ќе имаат потреба од повеќе ресурси и време за мониторинг, проценка и спроведување на новите правила.

7. Долгорочни структурни ризици:

7.1. Долгорочна недостапност на домување - со намален интерес за издавање и изградба на станови, пазарот на изнајмување може да стане уште помалку достапен за граѓаните, особено за помалку платежно способните категории.

Согласно претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Предлогот на закон за дополнување на Законот за домување, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**<u>Точка 26</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Кирил Михајловски, адвокат од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.112/2025, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 37 став 1 во делот „родено на територијата на Република Северна Македонија" од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 265/24, 17/25 и 132/25) и притоа го утврди следното мислење:

Во член 37 став (1) од Законот за заштита на децата се утврдува право на еднократна парична помош за новороденче, родено на територијата на Република Северна Македонија, при што ова право го има еден од родителите, државјанин на Република Северна Македонија, со непрекинато постојано место на живеење на територијата на Република Северна Македонија, во траење од најмалку дванаесет (12) месеци до денот на раѓањето на детето.

Наведената законска одредба не содржи дискриминација, ниту неосновано ограничување на правата, туку воспоставува објективен и правно оправдан критериум кој е еднаков за сите корисници, без разлика на нивниот социјален статус.

Принципот на еднаквост пред закон е гарантиран со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, а правото на децата на посебна заштита и грижа е утврдено со член 42 од Уставот, што е почитувано со наведената законска одредба. Законодавецот има право и обврска, согласно уставните одредби и меѓународните договори, ратификувани од Република Северна Македонија, особено Конвенцијата за правата на детето, да утврдува услови и критериуми за остварување на социјални права, со цел обезбедување еднакви можности за развој и заштита на сите деца.

Се констатира дека член 37 став (1) од Законот за заштита на децата е усогласен со уставните начела и меѓународните обврски на Република Северна Македонија, не содржи дискриминација, туку обезбедува социјално оправдано разликување врз основа на легитимна цел – заштита и поддршка на децата и семејствата.

Во согласност со горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата за оценување на уставноста на член 37 став (1) од Законот за заштита на децата е неоснована, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата.

**<u>Точка 27</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Сузана Московска, Љупчо Московски, Милан Гелевски, Лепосава Гелевска, Михаил Апостолски, Роза Апостолска, Лина Петровска, Даница Митева и Снежана Тодоровска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.96/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/25) и притоа го утврди следното мислење:

Со наведената Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста, се оспорува одредбата од член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/25), во (натамошниот текст: Законот), според која:

„(1) Одредбите од член 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24 и 75/25), не се применуваат во периодот од 1 септември 2025 година до 31 март 2026 година.

(2) Сите видови на пензии, кои се исплаќаат во Република Северна Македонија, на 1 септември 2025 година и на 1 март 2026 година се усогласуваат на начин што вкупниот месечен износ добиен од процентот за зголемување на пензиите пресметан како збир од 50% на порастот на индексот на трошоците на живот и 50% на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени во Република Северна Македонија во претходното полугодие во однос на полугодиeто кое му претходи, објавени од Државниот завод за статистика, се дели со вкупниот број на корисници на пензија заклучно со 31 август 2025 година, односно 28 февруари 2026 година.".

Согласно Иницијативата, членот чијашто уставност се оспорува е во директна спротивност на членовите на Уставот на Република Северна Македонија и тоа:

Со член 8 ( став 1, алинеи 1, 3, 6 и 8 ) од Уставот на Република Северна Македонија , односно со темелните вредности кои ги пропишува овој член:

- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- владеењето на правото;
- правната заштита на сопственоста;
- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Со членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.
Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според Иницијативата, со оспорениот член од Законот, се врши директна и индиректна дискриминација, бидејќи пензиите се зголемуваат со ист номинален износ, без при тоа да се зема предвид индивидуалниот придонес на секој осигуреник во текот на осигурувањето.

Со ова се прави индиректна дискриминација, односно се врши еднаков третман на не еднакви ситуации. Пензионерите со повисоки пензии добиваат помало зголемување на пензијата од пензионерите со ниски пензии, со што државата ги изедначува пензиите на штета на оние кои придонеле повеќе.

Со линеарното зголемување на пензиите се потврдува начелото на социјална правда, бидејќи социјална правда не значи „за сите исто", туку секој да добие според својот придонес.

Понатаму, со оспорената одредба од Законот, согласно Иницијативата, се повредува членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија, со кој се гарантира правото на сопственост.

Според подносителот на Иницијативата, пензијата е стекнато индивидуално имотно право и пензионерите треба да добиваат усогласување врз основа на индивидуални параметри.
Со ставање на членот 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување вон сила и предвидување на преодна одредба за линеарно зголемување на пензиите се менува утврдениот механизам за усогласување на пензиите и ова претставува мешање во имотното право на пензионерите без основ.

Според Протоколот бр.1 на Европскиот суд за човекови права, пензијата што е стекната врз основа на придонеси се смета за имотно право, односно пензијата е дел од имотната правна позиција на граѓанинот.

Во членот 34 од Уставот на Република Северна Македонија се утврдува дека правото на социјално осигурување, правото на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните се утврдени со закон и со колективен договор.

Според подносителот на Иницијативата, правото на социјално осигурување не значи само дека тоа право е уставно загарантирано и дека значи исплата на надомест, туку и редовно, правично и достоинствено приспособување на тој надомест.

Со оспорената одредба на Законот, престанува правичното приспособување и станува произволен износ кој не ги следи реалните социјални и економски услови.

Оспорената одредба од Законот е во спротивност со член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, според подносителот на Иницијативата, поради тоа што се крши начелото на владеење на правото.

Поради тоа што, се суспендира претходното законско право, се создава неизвесност кај граѓаните, не се обезбедува правична и правно предвидлива распределба на јавни средства и создава арбитрерност и правна нестабилност.

Исто така, подносителот во Иницијативата дава наводи за тоа дека оспорената одредба од Законот е спротивна на членот 54 од Уставот на Република Северна Македонија според кој се однесува на случаи кога можат да се ограничуваат правата и слободите на граѓаните.

Според подносителот на Иницијативата, со ограничувањето кое се прави со оспорената одредба од Законот, не се води сметка за реалната инфлација и стандард на живот на пензионерите, туку се создава правна неизвесност и нееднаквост.

Владата смета дека наводите поради кои се оспорува одредбата од членот член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/25), поднесена од Сузана Московска, Љупчо Московски, Милан Гелевски, Лепосава Гелевска, Михаил Апостолски, Роза Апостсолска, Лина Петровска, Даница Митева и Сенажана Тодоровска, се неосновани од следните причини:

Со изменувањето предвидено во членот 2 од Законот, се суспендираат одредбите од член 37 од основниот текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, за наведениот временски период, согласно што се утврдува нов начин на усогласување на пензиите, базиран на објективни и транспарентни критериуми: индексот на трошоците за живот и просечната плата на вработените, во рамки на однос од 50% спрема 50%.

Оспорената одредба од Законот е во согласност со следните уставни принципи:

Правото на социјална заштита утврдено со член 33 од Уставот на Република Северна Македонија, кој гарантира социјална заштита на осигурените лица и корисниците на пензиски права.

Усогласувањето според објективни индекси ја следи промената на економските услови и ја обезбедува реалната вредност на пензиите, што е во согласност со целите на ова право.

Начелото на еднаквост од член 9 од Уставот на Република Северна Македонија кое забранува дискриминација и налага еднаков пристап пред законите.

Примената на одредбата подеднакво се однесува на сите пензионери и не воспоставува разделби или поволности за одредени групи, што исклучува постоење дискриминација.

Законитост и пропорционалност - привременото суспендирање и новата методологија на усогласување се пропорционални мерки со јасна временска рамка и економска оправданост поради потребата за зачувување на финансиската стабилност на пензискиот фонд и одржување на социјалната сигурност.

Со оглед на тоа што суспензијата е временска и со цел рационално адаптирање на начинот на усогласување, при што правата на корисниците не се намалуваат, туку се усогласуваат со реалните економски параметри, недвосмислено се потврдува усогласеноста на членот со уставните принципи.

Во однос на доставената Иницијатива за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се констатира:

Член 2 не ги повредува уставните права и слободи на граѓаните, вклучително и правото на социјална заштита.

Примената на предложените законски одредби е еднаква и недискриминаторска.

Привременото суспендирање на член 37 е оправдано со јасни економски и социјални основи.

Усогласувањето по објективна методологија обезбедува стабилност и одржливост на пензискиот систем.

Имајќи го предвид горе наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорените одредби од член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154 /25), се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/25).

**<u>Точка 28</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Емилија Мицковска, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.85/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 132 став 3 и став 4, член 138 став 9, член 142 и член 169 ставови 1, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 од Законот за платни системи и платежни услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22, 64/24 и 37/25) и уставноста и законитоста на точка 3.4 алинеја 4, точка 6 алинеи 2 и 10, како и Глава III од Одлуката за издавање дозвола и согласности на оператор на платен систем и за содржината и начинот на водење регистар на оператори на платните системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 289/22 и 96/24) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека Законот за платежни услуги и платни системи не е во согласност со член 8 став (1) алинеја 3 (начело на владеење на правото), член 50 став (1) (право на заштита на слободите и правата пред надлежен суд) и член 55 став (2) (гаранција за еднаква правна положба на субјектите на пазарот) од Уставот на Република Северна Македонија.

Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22, 64/24, 37/25 и 144/25) се донесе во април 2022 година и истиот отпочна со примена од 1 јануари 2023 година. Со Законот се уредуваат видовите на платежни услуги, дозволата за давањето на платежни услуги, издавањето електронски пари, транспарентноста на условите и обврските за информирање во врска со платежните услуги, правата и обврските на давателите и корисниците на платежните услуги, отворањето и користењето на платежната сметка, преносливоста на платежната сметка, транспарентноста и споредливоста на надоместоците поврзани со платежните сметки и услуги, постапките за решавање на спорови настана при давањето на платежни услуги, платните системи и конечноста на порамнувањата, надзорот над платежните институции, институциите за електронски пари и операторите на платните системи, воспоставувањето и одржувањето на единствениот регистар на сметки, како и други прашања поврзани со платежните услуги и платните системи.

Имено, донесувањето на Законот во 2022 година имаше за цел да обезбеди либерализација на пазарот на платежни услуги преку влез на платежни институции и институции за електронски пари коишто не се банки, поголема сигурност за сите електронски плаќања и за сите даватели

на платежни услуги, поттикнување на намалување на цената на платежните услуги, зајакнување на правата на потрошувачите, транспарентност и споредливост на надоместоците за платежните услуги, како и усогласување на националното законодавство од платежната сфера со директивите и регулативите на Европската Унија релевантни за платежните услуги и платните системи.

При тоа, со донесувањето на Законот во домашното законодавство се транспонираа сет на директиви и регулативи со кои националното законодавство се усогласи со законодавството на Европската Унија од оваа област и тоа: Директива за платежни услуги (2015/2366/ЕЗ), Директива за електронски пари (2009/110/ЕЗ), Директива за конечност на порамнувањата (98/26/ЕЗ), Директива за споредливост на надоместоците поврзани со платежните сметки, пренос на платежни сметки и пристап до платежните сметки со основни функции (2014/92/ЕЗ), Регулатива за заменски надоместоци за картично засновани платежни трансакции (2015/751) и Регулатива за воспоставување технички и деловни барања за кредитни трансфери и директни задолжувања во евра (260/2012) во делот на одредбите поврзани со директните задолжувања.

Оттука, донесувањето на Законот за платежни услуги и платни системи и подзаконските акти кои произлегоа од него (кои се во надлежност на Народна банка на Република Северна Македонија) во целост се во согласност со уставните и законските надлежности на Народната банка и се во целосна согласност со темелните вредности на Уставниот поредок (член 8) и слободата на пазарот и претприемништвото (член 55) од Уставот на Република Северна Македонија.

1. Со одредбите од член 132 ставови (3) и (4) од Законот за платежни услуги и платни системи се уредува обврската за операторот на платен систем да ја извести Народната банка во случај кога планира да започне со вршење други услуги и/или дејности коишто не се поврзани со давање платежни услуги или издавање електронски пари, како и надлежноста на Народната банка да оцени дали тие други дејности ги нарушуваат или би можеле да ги нарушат стабилноста, сигурноста и ефикасноста во работењето на платниот систем или дали би можеле да ја отежнат можноста на Народната банка да го следи работењето и усогласеноста на операторот на платниот систем со условите утврдени со Законот и доколку оцени дека е потребно, Народната банка може да му наложи да преземе конкретни активности и мерки.

Горенаведената одредба е во согласност со член 11 став (5) од Директивата (ЕУ) 2015/2366, што ѝ овозможува на надзорната институција (во овој случај Народната банка) да бара организациско раздвојување на дејностите, ако е потребно тоа заради надзор и стабилност. Слични барања се содржани и во меѓународните Принципи за инфраструктура на финансиските пазари (CPSS-IOSCO,PFMI3, точка 3.2.64), каде што се препорачува раздвојување на дејностите што може да носат различен профил на ризик, со цел да се заштити основната функција на платниот систем.

Оттука, со одредбите од членот 132 од Законот не се надминуваат уставните овластувања на Народната банка, ниту се нарушуваат правата на правните субјекти на кои се однесуваат овие одредби. Напротив, уредувањето е во целосна согласност со принципите на владеење на правото, еднаквоста пред законите и уставно утврдената улога на Народната банка, како институција надлежна за обезбедување на стабилноста на платниот систем, којшто претставува особено важна инфраструктура од јавен интерес. Наведените одредби не ја оспоруваат правната способност на операторот на платен систем за вршење и други дејности, туку исклучиво утврдуваат обврска за претходно известување на Народната банка, со цел да се оценат можните последици за стабилноста, сигурноста и за ефикасноста на платниот систем. Ова не е забрана, туку превентивен механизам на надзор, заснован на легитимна јавна цел, односно заштита на финансиската стабилност и интересите на учесниците во платниот систем, како и на нивните клиенти кои вршат плаќања преку платните системи.

Воедно, овој пристап е во согласност и со одредбите од членовите 31 и 32 од Законот за Народната банка каде е уредено дека, Народната банка создава услови за стабилно, сигурно и ефикасно работење на системите за плаќање, порамнување и клиринг (платните системи) и само Народната банка е одговорна за регулирањето, регистрирањето и надзорот, вклучувајќи го и преземањето мерки и санкции, за системите за плаќање, порамнување и клиринг согласно со Законот за платежни услуги и платни системи. Оттука, законската обврска за операторот на платниот систем за претходно известување пред да почне да врши други услуги и/или дејности коишто не претставуваат давање платежни услуги, односно издавање електронски пари не претставува забрана или ограничување на правната способност на правниот субјект, туку легитимна форма на институционален надзор којашто има за цел да обезбеди рамнотежа меѓу правото во едно демократско општество на секое правно и физичко лице да започне и да врши економска дејност (согласно членот 55 од Уставот) и јавниот интерес, сигурноста на платежните трансакции на физичките лица, правните лица, вклучувајќи ги и државните институции. Ваквото уредување е пропорционално, разумно и во прилог на заштитата на јавната доверба во платните системи.

Исто така, наводите во Иницијативата за нееднаква правна положба спротивна на владеењето на правото, што понатаму влијае врз слободата на пазарот и претприемништвото, е целосно неиздржана. Имено, не може да се прифати наводот дека одредбите од членот 132 и останатите одредби од Законот кои се оспоруваат со оваа иницијатива доведуваат до нееднаква правна положба на субјектите, спротивно на владеење на правото. Сите оператори на платни системи се подложни на истиот третман/режим на известување и оцена, што значи дека правната рамка еднакво се применува за сите, без дискриминација или претпочитање. Не постои селективност во примената, ниту правна неодреденост која би довела до произволност. Покрај тоа, целосно неиздржана е споредбата на положбата на трговските друштва коишто се и оператори на платните системи и на оние трговски друштва коишто не се оператори на платни системи, бидејќи тие со овој факт не се во иста положба и поради тоа не можат да бидат еднакво третирани. Додека за првите се применуваат правилата и условите за платните системи сѐ додека тие се оператори на платни системи, за вторите тоа е прашање на слободен избор. Од друга страна, никако не може да стане збор за загрозување на слободата на пазарот и претприемаштвото, поконкретно на пазарот за платежни услуги и платни системи, особено доколку се има предвид дека влегувањето во секторот на платни системи како оператор на платни системи е целосно слободен избор и одлука на секое трговско друштво коешто сака да влезе во секторот, под условите коишто се однапред законски определени.

Впрочем, фактот дека постои законска регулатива којашто е целосно усогласена со меѓународните и европските стандарди и регулатива со која се регулира конкретниот сектор всушност е гаранција, а не закана, за слободата на пазарот и за слободен пристап до него, преку утврдување соодветни услови и правила, односно преку регулирање и надзор на платните системи. Имено, конкретната фактичка состојба во секторот на платните системи само го потврдува посоченото, правилата и условите се однапред познати и подеднакво се применуваат за сите субјекти коишто се дел или сакаат да пристапат како оператори во секторот на платните системи. Во контекст на членот 132 од Законот, ова значи дека операторите на платни системи се должни да постапуваат во согласност со законските одредби, а Народната банка треба да ги применува своите овластувања исклучиво во рамките на својата надлежност, што и го прави во рамките на процесот на оцена на барањата за издавање дозволи и согласности поврзани со работењето на операторите на платни системи.

2. По однос на барањето за поведување на уставност на член 138 став (9) од Законот за платежни услуги и платни системи, врз основа на даденото образложението од страна на подносителот на Иницијативата, се цени дека истиот упатува на член 138 став (2) точка 9) од Законот, со кој се пропишува обврска за доставување докази за идентитетот, професионалната компетентност

и добрата репутација на лицата кои се членови на управниот одбор или извршни членови на одборот на директори во трговското друштво коешто поднесува барање за добивање дозвола за вршење дејност на оператор на платен систем, што е во согласност со Принципите за инфраструктура на финансиските пазари (CPSS-IOSCO, PFMI).

Согласно точки 3.2.10 и 3.2.11 од Принципот 2 – Раководење, платните системи мора да имаат органи на управување чии членови имаат соодветно познавање, искуство, интегритет и капацитет за надзор и управување со ризици и се нагласува дека лицата што управуваат со инфраструктурата (платниот систем) треба да имаат јасно разбирање на корпоративното управување, да им посветат доволно време на своите задачи и постојано да ги унапредуваат своите способности.

Со конкретната законска одредба не се уредува изборот на членови на органите на управување во целото трговско друштво, туку исклучиво во контекст на активноста како оператор на платен систем, којашто по својата природа е строго регулирана и јавно значајна дејност. Соодветно на тоа, а со цел да обезбеди дека лицата кои ќе управуваат со платниот систем исполнуваат високи професионални и репутациски стандарди, Законот за платежни услуги и платни системи пропишува механизам за претходна согласност на истото од страна на Народната банка. При тоа, истото е на линија со одредбите од членовите 31 и 32 од Законот за Народната банка, за создавање услови за стабилно, сигурно и ефикасно работење на системите за плаќање, порамнување и клиринг (платните системи), во услови кога само таа е одговорна за регулирање, регистрирање и надзор над нив.

Во однос на тврдењето дека на тој начин се ограничува изборот на управители или дури се блокира работата на друштвото, се укажува дека не се врши блокада, туку се применува механизам на верификација во согласност со однапред дефинирани критериуми. Постапката се води согласно законски пропишани рокови и постапки. Друштвото може да предложи друго лице, доколку првичниот кандидат не добие согласност и со тоа не се попречува неговото функционирање, туку се обезбедува системска заштита. Оттука, одредбата не само што не е дискриминаторска, туку ја гарантира еднаквата правна положба и третман преку објективни и транспарентни критериуми и услови, применливи подеднакво за сите субјекти што е во согласност со членот 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно горенаведеното, се укажува дека, одредбата од членот 138 став (2) точка 9) од Законот е пропорционална и насочена кон заштита на јавниот интерес и истата е во согласност со уставните начела на владеење на правото, еднаквост и предвидливост. Воедно, неоснован е и наводот дека ова претставува ограничување на слободата на избор на член на орган на управување или дека друштвото е „блокирано". Имено, Законот не ја оневозможува деловната активност на субјектот, туку бара од него заради вршење високо регулирана дејност, да назначи лица што ги исполнуваат утврдените критериуми, што е целосно легитимна регулативна мерка во служба на заштита на јавниот интерес.

Во однос на тврдењето во Иницијативата дека поставувањето членови на орган на управување зависи од „долготрајна постапка на Народната банка", укажуваме дека Законот за платежни услуги и платни системи со конкретни рокови и пропишани критериуми го уредува процесот на издавање дозвола, а Народната банка има обврска да постапи во разумен рок и во рамките на своите надлежности, при што недавањето согласност на одреден кандидат не ја блокира активноста на друштвото, туку го упатува да назначи друг кандидат кој ги исполнува условите.

Воедно, неоснован е наводот во Иницијативата дека Законот не предвидува како треба да постапи друштвото во вакви ситуации. Ова од причина што одредбите од Глава II, дел петти од Законот за платежни услуги и платни системи, јасно ги уредуваат чекорите што треба да се преземат, вклучително и можноста да се доставаат нови предлози, да се поднесе дополнување

или корекција на документацијата, како и правната заштита што стои на располагање во случај на негативна одлука во процесот на издавање на дозволата за оператор на платен систем.

3. Со поднесената Иницијатива исто така се оспорува и уставноста на членот 142 од Законот, при што подносителот смета дека давањето претходни согласности од страна на Народната банка за именување членови на управни органи на оператор на платен систем е противуставно.

Имено, со одредбите од член 142 од Законот за платежни услуги и платни системи е уредена постапката за издавање согласност за членови на Управен одбор, односно за извршни членови на одбор на директори и истите се на линија со регулативата и практиката на земјите од Европската Унија.

Одредбите од член 142 се однесуваат исклучиво на обврската на операторот на платниот систем откако веќе се стекнал со тоа својство да бара претходна согласност од Народната банка за секое ново именување членови на Управен одбор, односно извршни членови на одбор на директори, согласно критериумите утврдени во член 138 став (2) точка 9) од Законот. На овој начин е овозможена надзорната функција на Народната банка врз управувачката структура на веќе лиценциран оператор, со цел да се обезбеди стабилно и сигурно управување со платниот систем, што е јавен интерес од аспект на финансиската стабилност, согласно член 8 од Законот за Народната банка, што повторно е во согласност со одговорноста и надлежноста на Народната банка за создавање услови за стабилно, сигурно и ефикасно работење на системите за плаќање, порамнување и клиринг (платните системи), во услови кога само таа е одговорна за регулирање, регистрирање и надзор над нив (членови 31 и 32 од Законот за Народната банка).

Оттука, се укажува дека, примената на членот 142 од Законот за платежни услуги и платни системи директно упатува на членот 138 од Законот, со кој се уредува критериумите за процена на соодветноста на лицата што треба да управуваат со оператор на платен систем.

4. Во врска со доставеното образложение од подносителот на Иницијативата со кое се оспорува и членот 169 од Законот за платежни услуги и платни системи, наведувајќи дека со директна примена на истиот се блокира целокупното работење на друштвото и претставува директно кршење на член 55 од Уставот на Република Северна Македонија, се укажува на следното:

Со членот 169 од Законот за платежни услуги и платни системи се уредува повлекувањето на согласноста за именување управител, член на Управен одбор, односно извршен член на одборот на директори и стекнување квалификувано учество, и истиот е во согласност со Принципите за инфраструктура на финансиските пазари (CPSS-IOSCO, PFMI), (Принцип 2 – Раководење).

Со оваа одредба се пропишува механизам на регулаторна заштита, во прилог на јавниот интерес и сигурноста на платните системи и истиот не предизвикува блокирање на работењето на трговското друштво. Таа има за цел да спречи управување со платниот систем од страна на лица кои повеќе не се квалификувани, не поседуваат репутација или чија согласност е стекната на несоодветен начин. Во тој контекст, одредбата е во согласност со одговорноста и надлежноста на Народната банка согласно горенаведените одредби од членовите 31 и 32 од Законот за Народната банка. Повлекувањето на согласноста за член на орган на управување не го спречува друштвото и натаму да врши други дејности, не претставува трајна или општа забрана, туку создава обврска за предлагање ново лице кое ги исполнува критериумите и не е произволен акт на Народната банка, туку одлука врз основа на факти, релевантна документација, податоци и/или информации.

Со цел да се избегнат прекини или правна неизвесност во управувањето со функцијата „оператор на платен систем“ заради различни настани коишто во одредени случаи може да не се поврзани со повлекувањето на согласноста од Народната банка, туку со неможноста за извршување на функцијата од претходно назначените членови на органот на управување заради други причини, Народната банка преку процесот на давање согласности и надзорот над операторот, придонесува за непречено работење, транспарентност и усогласеност со регулативата овозможувајќи институционална подготвеност и навремено преземање на неопходните чекори за непрекинато функционирање на платниот систем и заштита на интересите на сите учесници, а особено на нивните клиенти (физичките лица, правните лица, вклучувајќи ги и државните институции). Уште поважно е тоа што ваквите механизми постојат и во други сектори каде што субјектите вршат лиценцирана дејност со потенцијално висок системски ризик (банкарство, осигурување, инвестициски друштва и слично) и не се сметаат за повреда на уставните права, туку за разумна регулаторна интервенција.

Оттука, членот 169 од Законот е целосно во согласност со членот 55 од Уставот и не го ограничува правото на слободна економска иницијатива, туку го уредува нејзиното спроведување во строго дефинирана и оправдана рамка.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека, одредбите од член 132 ставови (3) и (4), член 138 став (9), член 142 и член 169 ставови (1), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15) и (16) од Законот за платежни услуги и платни системи коишто се оспоруваат со поднесената Иницијатива, се во прилог на јавниот интерес односно заштита на корисниците на платежните услуги, физичките лица, правните лица, вклучувајќи ги и државните институции во земјава, учесниците во платниот систем и на системската стабилност и тие не воведуваат произволни ограничувања, туку пропишуваат јасни и транспарентни процедури за добивање и одземање согласност, вршење надзор и заштита од потенцијални судири на интереси или ризици за системот и не создаваат „ингеренции“ надвор од Уставот, туку претставуваат операционализација на надлежностите на Народната банка согласно уставно утврдениот опфат на јавната регулаторна власт.

Притоа, согласно член 60 од Уставот на Република Северна Македонија, Народната банка има улога да обезбеди и да биде одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата во Републиката и кон странство и оттука, таа има уставна обврска да реагира кога е загрозена стабилноста на платниот систем, што вклучува и процена на управувачките структури кај операторите на платните системи и можност за повлекување согласности кога е тоа оправдано и докажано.

Согласно горенаведеното, се укажува дека не постои неусогласеност на одредбите од Законот за платежни услуги и платни системи во однос на член 8 став (1) алинеи 1, 3, 6, 7 и 11, член 55 и член 60 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оцена на уставноста на член 132 ставови (3) и (4), член 138 став (9), член 142 и член 169 ставови (1), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15) и (16) од Законот за платежни услуги и платни системи како неоснована.

По однос на оценување на уставноста на точка 3.4 алинеја 4, точка 6 алинеи 2 и 10 и Глава III од Одлуката за издавање дозволи и согласности на оператор на платен систем и за содржината и начинот на водење регистар на оператори на платните системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.289/22 и 96/24), да се има предвид мислењето на Народната банка на Република Северна Македонија, бр.02-25185/2, од 5 август 2025 година.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.192492, за КО Драчево 2, на КП бр.11898, викано место/улица „Марков Рид", Имотен лист бр.192515, за КО Драчево 2, на КП бр.11899, викано место/улица „Марков Рид" и Имотен лист бр.7380, за КО Драчево 2, на КП бр.11900, викано место/улица „Марков Рид" и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.193066, за КО Драчево 2, на КП бр.7503/1, викано место/улица „Малешевска бр.25" и по Понудата ги усвои Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елвин Зиба од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.13104, за КО Охрид 2, на КП бр.8779, викано место/улица „Железничка" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Божидар Вангелов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1185 за КО Нов Дојран, на КП бр.1204, викано место/улица „Манастир" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дејан Павлоски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.907, за КО Визбегово, на КП бр.97, викано место/улица „Коњски Дол" и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот-земјиште евидентирано во Имотен лист бр.732, за КО Сретеново, на КП бр.1684, викано место/улица „Мрдаја" и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7245, за КО Сретеново, на КП бр.1714, викано место/улица „Мрдаја" и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Известувањето на Министерството за транспорт.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Понудата од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставена под И.бр.1727/19, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1338, за КО Охрид 2, на КП бр.8621, викано место/улица „15 Корпус" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 37**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Лазар Петровски од Куманово, доставено под И.бр. 2593/2023 година, за Заклучок за усна јавна продажба, која ќе се одржи на 30 октомври 2025 година, за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.493 за КО Љубодраг, на КП бр.57/3, КП бр.59/4, КП бр.62/3 и КП бр.60/3, викано место/улица „Бединска Утрина" и Имотен лист бр.188 за КО Љубодраг, на КП бр.57/6, КП бр.58/3 и КП бр.59/7, викано место/улица „Бединска Утрина" и ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 38**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 39**

1. Владата, по повод укажувањето на Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, а во врска со проблемот со собирање и транспортирање на комуналниот отпад на територијата на Град Скопје, заклучи:

1) Се задолжуваат Државниот комунален инспекторат, Државниот инспекторат за животна средина, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Институтот за јавно здравје, во соработка со Министерството за внатрешни работи, согласно своите законски надлежности, веднаш да отпочнат со координиран вонреден инспекциски надзор на територија на Град Скопје, со цел утврдување на состојбата со комуналниот и друг вид на отпад и преземање соодветни мерки и активности.

2) Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во соработка со надлежните институции, а се укажува на Град Скопје-Сектор инспекторат, да постапат согласно своите законски надлежности и да го испитаат работењето на ЈП Комунална хигиена-Скопје и градоначалникот на Градот Скопје во врска со несобирањето на комуналниот отпад, кој предизвикува опасност по здравјето на луѓето.

2. Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да подготви и во рок од 15 дена до Владата да достави, соодветен акт за утврдување на критериумите врз основа на кои се случуваат спогодбите за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјектите кои вршат дејност или активност во заштитеното подрачје, во рамки на законските прописи.

2) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за култура и туризам, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на природата, во насока постапката за давање согласност на спогодбите за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјектите кои вршат дејност или активност на територијата на заштитеното подрачје, да не биде предмет на разгледување и одлучување на Владата.

3. Владата по повод одбележувањето на Државниот празник 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба, ги донесе следните заклучоци:

1) Определи Владина делегација во следниот состав:
- Панче Тошковски – министер за внатрешни работи,
- проф. д-р Весна Јаневска – министер за образование и наука и
- Зоран Љутков – министер за култура и туризам,
која да присуствува на положување на свежо цвеќе пред Спомeникот на основачите на ВМРО, во Скопје ( Жена парк), со почеток од 12:30 часот.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци за Владината делегацијата и за Делегацијата на Сојузот на борците, како и превоз на делегациите и културно-уметничките работници, до местото каде ќе се одбележува настанот.

3) Се задолжува Министерството за одбрана – Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди гардисти и фанфаристи и во координација со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбедат материјално-технички средства, потребни за церемонија на положување на свежо цвеќе.

4) Се задолжува Министерството за здравство, преку единиците на Итната помош, да обезбеди присуство на амбулантно возило и медицински лица, на локациите на кои ќе се чествува празникот.

5) Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија, на 23 октомври 2025 година, да врши директен пренос од одбележувањето на Државниот празник 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба, од положувањето на цвеќе и свечената академија, според саатници и сценариото кое ќе им биде доставено од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

6) Се препорачува на Град Скопје да обезбеди возило за противпожарна заштита, на локацијата на која ќе се одбележи празникот.

7) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување на празникот, на сите локации на кои ќе се чествува празникот.

8) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – Сектор за протокол и односи со јавност, да испрати покана според протоколарна пресеанс листа во електронска форма до гостите и врз основа на потврдените покани да изготви скица за настанот и распоред за седење.

9) Се задолжува Ансамблот за народни игри и песни на Македонија „Танец“ да подготви свечена програма за свечената академија и да ги покрие трошоците за уметниците со празнични дневници.

10) Се задолжува Директоратот за протокол при Министерството за надворешни работи и надворешна трговија протоколарно да го организира присуството на дипломатскиот кор на положувањето на свежо цвеќе, како и на свечената академија.

11) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави техничка опрема, стази, знамиња, говорница и сите останати техничко

материјални средства, за одбележувањето на празникот, согласно техничките спецификации од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

12) Се задолжува Националната установа Македонски народен театар да ја отстапи салата и да ги покрие трошоците на техничкиот персонал вработени во Театарот и уметниците кои ќе учествуваат на свечената академија (водители и изведувачи).

13) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие останатите трошоците за одбележувањето на празникот.

4. Владата ја разгледа Информацијата за преземање на потребни активности поради непочитување на договорите за доделување на финансиска поддршка од страна на деловни субјекти кои склучиле договор согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија пред поднесување на тужба спрема деловните субјекти во спорови со вредност до 1.000.000 денари да отпочне постапка за решавање на спорот по пат на медијација со медијатор од Именикот на медијатори со важечка лиценца.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да отпочне постапка за изработка на економско вештачење за потребите на тужбените барања кои треба да се иницираат спрема деловните субјекти поради непочитување на договорите за доделување на финансиска поддршка.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да поднесе барања до Државното правобранителство на Република Северна Македонија за покренување на соодветни постапки спрема деловните субјекти поради непочитување на договорите за доделување на финансиска поддршка, а истото да преземе мерки и правни средства, заради правна заштита на имотните права и интереси.

5. Владата ги разгледа задолженијата за Министерството за животна средина и просторно планирање и заклучи:

1) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и во рок од 14 дена до Владата да достави информација со податоци за сите доставени барања за продолжување на рокот за почеток со комерцијална работа, врз основа на утврден застој, кога концесионерот не може да ги обезбеди потребните дозволи и документација кои се услов за почеток на градењето, односно комерцијалната работа, под услов застојот да не е предизвикан по вина на концесионерот, а во кои е истечен рокот за почеток со комерцијална работа, со предлог за надминување на ова прашање.

2) Согласно Заклучокот бр.1 се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави соодветни изменувања на Законот за води, со цел доуредување и олеснување на постапката за продолжување на роковите за почеток со комерцијална работа, врз основа на утврден застој, кој не е предизвикан по вина на концесионерот.

6. Владата го разгледа Барањето за изменување на заклучоците од точка 5: „Информација за реструктуирањето и продолжувањето на Проектот за модернизација на земјоделството финансиран од заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, со статус за напредокот во реализацијата на проектните активности заклучно со јуни 2025 година, со прилози, од Сто и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на

26 август 2025 година и заклучокот од точка 44: Прашања и предлози, од Сто и четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 септември 2025 година, го прифати Барањето и согласно тоа, истите гласат:

„1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да подготви измени и дополнувања на Проектниот оперативен прирачник со кои ќе бидат опфатени реструктуираните активности и процеси, ажуриран План за набавки кој ќе се однесува на периодот јули 2025 - декември 2027 година и Динамички план за имплементација на реструктуираните проектни активности и истите најдоцна до крајот на август 2025 година да ги достави до Светска банка.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да ја извести Светска банка дека инвеститор на комплексот од градби со намена логистичко -дистрибутивен центар - згради за трговија на големо со придружна комплементарна градба со намена управна и административна зграда за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во функција на комплексот, а во врска со реализација на Проектот за модернизација на земјоделството, како и останати комплементарни градби, сите во Гази Баба-Скопје, ќе биде Владата на Република Северна Македонија - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да ја извести Светска банка дека инвеститор на комплексот од градби со намена центар за сортирање и складирање на земјоделски производи, со придружна комплементарна градба со намена управна и административна зграда за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во функција на комплексот, а во врска со реализација на проектот за модернизација на земјоделството, како и останати комплементарни градби, сите во Струмица, ќе биде Владата на Република Северна Македонија – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Се овластува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја поднесе проектно-техничката документација за двата комплекси од градби со локација во Гази Баба-Скопје и Струмица, спомнати во заклучоците 2 и 3, до Министерството за транспорт, за нејзино одобрување согласно законската регулатива од областа на урбанизмот и градењето.

5. Се овластува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во име на Владата на Република Северна Македонија да поднесе барања за издавање на одобренија за градење за проектите: „Изградба на логистичко-дистрибутивниот центар во Скопје" и „Изградба на центарот за сортирање и складирање во Струмица", а се задолжува Министерството за транспорт максимално да ја забрза постапката за издавање на одобренијата за градење за предметните градби".

6. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да ги имплементира активностите согласно ревидираниот план на проектот за модернизација на земјоделството и за напредокот во спроведувањето на следниот полугодишен период јули-декември 2025 година да ја информира Владата најдоцна до 31 јануари 2026 година.

7. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство да дефинираат нов предлог-концепт и план за воспоставување на Националниот систем за нештетно отстранување на нус-производи од животинско потекло со опции за негово финансирање и временска динамика, имајќи ги предвид негативните искуства во последните два обиди, како и можноста за искористување на

интересот за вклучување на приватниот сектор по примерите од земји членки од Европската Унија и за истиот да ја информира Владата најдоцна до 30 ноември 2025 година.

8. Се задолжува Министерството за транспорт да ги спроведе постапките за доделување на право на трајно користење на државното земјиште за реализација на двата комплекси од градби со локација во Гази Баба - Скопје и Струмица, спомнати во заклучоците 2 и 3.".

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај за периодот јануари - јуни 2025 година за „Меѓународниот Аеродром Скопје" и „Св. Апостол Павле" – Охрид на ТАВ Македонија ДООЕЛ, со Полугодишен извештај како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај на тема „Дигитализација на матичните книги", како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за подготовка на Акциски план по Конечниот извештај од Државниот завод за ревизија на тема „Управување со државен имот", со Акциски план, поради потребата предлагачот предметниот материјал да го дополни согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Владата.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план по Конечниот извештај број 01 2024 03 03/1 за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука – Сметка на основен буџет (637), Сметка на буџет на заеми (786-70) и Сметка на буџет на заеми (786-47), со дополнување на Акцискиот план по Конечниот извештај број 01 2024 03 03/1 за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за образование и наука – Сметка на основен буџет (637), како материјал за информирање.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Сметка - Основен буџет (660), за квартал април-јуни 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, за период од 1.4.2025 година до 30.6.2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје, за периодот октомври – декември 2024 година, со дополнување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за финансии да се произнесе по дополнувањето кон материјалот, доставено од страна на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост – Скопје.

**Точка 47**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем, Скопје за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - П.О. Скопје, за периодот април - јуни 2025 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево", Битола за второ тримесечје од 2025 година, за период од 1 април 2025 година до 30 јуни 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јануари-јуни 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1.2025 година до 30.6.2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Националната комисија за учебници за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата го разгледа Барањето за одобрување на работењето на Управниот и Надзорниот одбор на АД „Пошта на Северна Македонија" – Скопје, со Предлог-одлука, го прифати Барањето и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост – Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, како надлежно министерство, да го задолжи Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, да постапи, согласно Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје.

2. Се укажува на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, да постапи, согласно Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од потпишување на нов Заеднички акциски план за спречување и борба против тероризам и насилен екстремизам за Западен Балкан (2025-2030), со текст на нов Заеднички акциски план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот Заеднички акциски план за спречување и борба против тероризмот и насилниот екстремизам за Западен Балкан (2025-2030).

2. Се овластува д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, да го потпише новиот Заеднички акциски план за спречување и борба против тероризмот и насилниот екстремизам за Западен Балкан (2025-2030).

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:10 часот.